Бр./Nr 12-950/7

19-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-3899/1 од 15.08.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3899 од 2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-3899/1 од 15.08.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена постапка на приватизација и продажба на градежно земјиште во /// – означено во пријавата. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и прибавување податоци, информации и документација од Управа за имотно правни работи во Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и /// и од добиените одговори утврди дека /// нема извршено приватизација и продажба на градежно земјиште кое е означено во пријавата.

Согласно горе наведеното, наводите од пријавата ДКСК ги оцени како целосно неосновано, заради што одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**